**Одлука бр.2.1**

Управниот одбор на Тениска Федерација на Северна Македонија на електронска седница одржана на ден 19.12.2023 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**

**за определување на висина на котизацијата за организација и учество на турнирите од Календарот на ТФСМ за период Зима 2023/2024 година**

Член 1

Котизацијата за учество на турнирите од Зимскиот календар за 2024 година е:

- За Црвен и Портокалов Тенис котизацијата изнесува 600 ден.
- За Детски Зелен Тенис котизацијата изнесува 1.050 ден.
- За ОПМ за Јуниори и Јуниорки до 12, 14, 16, 18 години, мажи и жени, како и Ветерани е 1.500 ден.

Член 2

Котизацијата за организација на турнирите која ја фактурира ТФСМ до клубовите организатори на зимски турнири (вклучувајки ги Црвениот, Портокаловиот и Зелениот Тенис), е флексибилна и зависи од бројот на учесниците, односно од висината на собраните средства кои клубот организатор ги собрал од учесниците и истатата е во висина од 20%.

Во истите фактури ставката котизација по учесник на ЗОПМ изнесува 200 денари по учесник, односно 100 денари по учесник за Зимските турнири Црвен, Портокалов и Зелен Тенис.

Член 3

Клубовите организатори се обврзани да обезбедат соодветен терен согласно тениските стандарди, потребна светлина и потребна топлина која нема да биде пониска од 10 С степени.

Член 4

Оваа Одлука стапува на сила со денот на нејзино донесување и важи само за Турнирите кои ќе се организираат во Периодот Зима 2024.

Тениска Федерација на Северна Македонија
Претседател на Управниот одбор
Александар Ивановски

Скопје, 19.12.2023 година